Врз основа на член 18, став 1, алинеја 9, и член 20, став 1, алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), и член 15, став 1, алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-5903/9 од 04.12.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на својата 20-та седница одржана на 04.12.2014 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ КОПИЈА ОД СНИМКА НА ОБЈАВЕНА ИНФОРМАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СЕРВИС НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ НА ДРЖАВНО, РЕГИОНАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. Општи одредби

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат:

- условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, на барање на заинтересирано лице;
- содржината на барањето за добивање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија;
- водење на евиденција за издавањето копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, и
- други прашања кои се поврзани и се однесуваат на материјата/проблематиката која е предмет на уредување на овој Правилник.

## II. Посебни одредби

### Услови, начин и постапка за издавање копија од снимка на објавена информација

### Член 2

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе издаде копија од снимка на објавена информација, емитувана во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, на барање на заинтересирано лице, а сочувана во нејзиниот систем за прием, снимање и архивирање на програмите на радиодифузерите во Република Македонија, врз основа на уредно поднесено барање.

### Член 3

Барање може да поднесе секое физичко или правно лице чие право или интерес е непосредно засегнато со информацијата која е објавена во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерот, а копијата од снимка која ја бара му е

потребна за остварување заштита на своите права и интереси пред надлежен суд во Република Македонија или за други потреби.

Барањето за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, се поднесува преку архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 4**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доколку ја поседува ќе ја издаде бараната копија од снимка на објавена информација, доколку:

- кон барањето во прилог се доставува фотокопија од доказ за поведена судска постапка (фотокопија од тужба со судски приемен печат)
- врз основа на изјава (заверна на нотар), за намера за поведување на судска постапка, доколку снимките се бараат за таа намена, и
- врз основа на писмен допис од државни органи и други тела и субјекти, наведени во член 7 од овој Правилник.

**Член 5**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на подносителот на барањето е обврзана да му обезбеди копија од снимката на бараната информација, доколку располага со истата.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доколку располага со снимка од бараната информација, е обврзана да постапи по поднесеното барање, доколку подносителот на барањето ги исполнил условите за издавање копија од снимка на објавена информација, согласно овој Правилник.

**Член 6**

Копијата од снимката на објавената информација во рамките на програмски сервис на радиодифузер во Република Македонија, се издава исклучиво за потребите на веќе поведената судска постапка пред надлежниот суд, односно за потребите на судската постапка што подносителот има намера да ја поведе, како и за други потреби и намери, по одлука на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Не е дозволено умножување ниту јавно објавување на копијата, освен во рамките на судската постапка од став 1 на овој член.

**Член 7**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на барање на надлежен суд во Република Македонија, е обврзана да достави копија од снимка на објавена информација, кога за тоа е во тек постапка пред тој суд.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на писмен допис на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и други државни тела и органи, е обврзана да достави копија од снимка на објавена информација, кога за тоа наведените субјекти имаат правен интерес.

## Содржина на барањето

**Член 8**

Барањето за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија, се поднесува на пропишан образец, кој е објавен на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (www.avmu.mk).

Образецот на барањето е составен дел на овој Правилник, (Прилог бр. 1).

**Член 9**

Барањето треба да ги содржи следните податоци:

- име и презиме на физичко лице, или називот за правно лице, подносител на барањето, и неговите општи податоци (адреса, телефон, факс, е-пошта, и сл.);
- назив на радиодифузерот на чиј програмски сервис е објавена информацијата,
- датум и време кога е објавена информацијата и емисијата во која истата е објавена, и
- причината поради која се бара снимката.

**Постапување по барањето**

**Член 10**

По добивањето на барањето, се утврдува дали Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја поседува снимката од бараната емитувана информација и дали барањето е доставено на пропишан начин и форма.

**Член 11**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доколку располага со снимката, и доколку барањето со поднесените прилози е уредно, е должна во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на барањето, на заинтересираното лице да му издаде копија од снимката на бараната информација.

На обвивката од ЦД/ДВД копијата, се назначува следното: „Копијата ја издава Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги само за потребите на веќе поведената судска постапка пред надлежниот суд, односно за потребите на судската постапка што барателот има намера да ја поведе, или за потребите на државните и други органи и тела, со податоци за радиодифузерот чиј програмски сервис е снимен, и временскиот термин на кој се однесува копијата“.

**Член 12**

Доколку Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврди дека не располага со бараната снимка на објавената информација во рамките на програмскиот сервис, од објективни технички причини (техничка недостапност на тој сервис до нејзиниот систем за прием, снимање и архивирање, прекин на дотурот на сигналот до системот на Агенцијата од страна на операторот на јавна електонска комуникациска мрежа, евентуален дефект на системот за прием, снимање и архивирање) или поради бришење на снимката по протекот на рокот за нејзино чување, обврзана е за тоа да го извести подносителот на барањето во примерен рок.

**Водење на евиденција за издадените копии од снимки**

**Член 13**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги воспоставува посебен регистар во кој води евиденција за издадените копии од снимки на објавени информации во рамките на програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија.

Регистарот на евиденција за издадени копии од снимки на објавени информации во рамките на програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија се води во организационата единица на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги која ги врши работите од областа на информатичко-комуникациската технологија.

### Доставување на копија од снимка

**Член 14**

Доставувањето копија од снимка на објавена информација во рамките на програмски сервис на одреден радиодифузер во Република Македонија, на заинтересирано лице се врши по пошта, или со лично подигање на копијата од седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Скопје.

## III. Завршни одредби

### Влегување во сила

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 16**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно во Република Македонија и регионот Скопје (Градот Скопје и неговата околина) бр.01-861/1 од 11.03.2011 година („Службен весник на Република Македонија", бр. 31/11).

**Бр.01-5988/1**
**04.12.2014 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Булевар ВМРО бр.3, 1000 Скопје**
**Република Македонија**
**Тел: +389 23 103 400**
**Факс: +389 23 103 401**
**e-mail: contact@avmu.mk**

(приемен печат на АААВМУ)

ПРЕДЛОГ - ***БАРАЊЕ***[1]
***ЗА ИЗДАВАЊЕ КОПИЈА ОД СНИМКА НА ОБЈАВЕНА ИНФОРМАЦИЈА ВО РАМКИТЕ НА ПРОГРАМСКИОТ СЕРВИС НА РАДИОДИФУЗЕР***

**Физичко лице** [2]

| | |
|---|---|
| Име и презиме | |
| Адреса | |
| ЕМБГ | |
| Телефон | |
| Електронска пошта (e-mail) | |

**Правно лице**[3]

| | |
|---|---|
| Целосен назив | |
| Седиште | |
| Телефон | |
| Факс | |
| Електронска пошта (e-mail) | |

**Барам да ми се издаде копија од:**

- Снимка на информација објавена во рамките на програмскиот сервис на следниот радиодифузер:

______________________________________________

[1] Согласно член 9 и 10 од Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање копија од снимка на објавена информација во рамките на програмскиот сервис на радиодифузерите на државно, регионално и локално ниво во Република Македонија, бр. _______ од ______ 2014 година („Службен весник на Република Македонија" бр.__/__),
[2] Се пополнува само кога барателот е физичко лице
[3] Се пополнува само кога барателот е правно лице

- Наслов на емисијата во која е објавена бараната информација:

______________________________________________________________

- Датум и време кога е објавена информацијата:

______________________________________________________________
_

______________________________________________________________
_

- Копијата на снимката/те е/се потребна/и за:

______________________________________________________________
_

______________________________________________________________
_

Барател: ______________________

Потпис:________________________

Датум на поднесување на барањето: ______________________